Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 06-03-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 91/5 | | |


До Деканатот на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески"– Скопје

На својата 84-та редовна седница, одржана на 15.2.2023 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје нè изгласа за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот Современ англиски јазик 6 (0+2), во летниот семестар од академската 2022/2023 година. Преку допис бр. 08-91/4 (врз основа на Одлука бр. 08-91/2), на 23.2.2022 бевме информирани дека на објавениот интерен оглас за демонстратор на студиската програма по англиски јазик и книжевност се пријавила една кандидатка, Андријана Тасева (Андријана Ќосе по бракот), на 21.2.2023 година. По разгледување на приложената документација на пријавената кандидатка Андријана Тасева, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Кандидатката Андријана Тасева (Андријана Ќосе) ги исполнува посебните услови за избор во демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бидејќи во 2017 год. дипломирала на Катедрата за англиски јазик и книжевност со просечна оцена 9,90 (со 245 ЕКТС кредити), а воедно е и редовен студент на втор циклус студии на програмата Наука за јазик – англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, запишана на 01.11.2020, каде неодамна го пријави и магистерскиот труд.

Своето работно искуство во наставата по англиски јазик кандидатката го стекнала на неколку работни места, и тоа како заменик-наставник по англиски јазик во основното општинско училиштето „Вера Цирвивири-Трена" (2016), наставник во неколку приватни јазични училишта и центри како *STAR DT* (2016-2017), *H.I. INTELLECT* (2017-2018), *Јазичен центар Вортекс* (2018-2020), *Blue Moon Professional Services, Саудиска Арабија* (2020-2021) при што работела со различни групи на различни нивоа на познавање на јазикот. Исто така, од 2017 до денес, таа работи и како фриленс преведувач, и како преведувач за потребите на *Linguaserve – агенција за преведување (Шпанија).* Освен со настава и превод,

Ќосева (моминско Тасева) се занимавала и со контрола на квалитет за потребите на маркетинг агенцијата *Essence of Email, Texas, USA,* што е резултат на нејзиниот интерес за дигитален маркетинг, за што посетувала курсеви на Академија за дигитален маркетинг – Креатив Хуб, Скопје, Република Северна Македонија.

Кандидатката беше демонстратор во зимскиот и летниот семестар во академската 2021/2022 по предметот Современ англиски јазик 5 и 6, како и во зимскиот семестар во 2022/2023 и покажа одлични вештини за организирање, изведување на наставата и оценување. Резултатите на студентите покажаа дека кандидатката успешно ги подготвила студентите и соодветно ги водела низ процесот на развивање различни јазични вештини. Таа има објавен еден труд на тема *Special Educational Needs: A Collaborative Inquiry*, во соработка со проф. Ончевска Агер.

Кандидатката учествувала на многу семинари и работилници што ѝ помогнале во профилирањето како млад професионален наставник. Поточно, била учесник на летната школа International Coimbra Group Summer School of European Multilingualism (University of Sarajevo, 30ти јуни – 6 јули, 2019 година), учесник на работилницата Leading the classroom into the 21st century, Hamilton House, English Language Teaching (19 април, 2019, Скопје, Р.С.Македонија), учесник на работилницата за Анализа на дискурс (во склоп на КРИК – Фестивал за критичка култура, предавачи: Мира Беќар и Викторија Костадинова, 27-28 септември 2019), на летната школа Eastern Generative Grammar (EGG) (30 јули -10 август 2018, Бања Лука – Босна и Херцеговина), учесник и волонтер на работилницата (Re)searching classroom episodes to stay professionally alert: Exercises in systematic informed reflective practice (Angi Malderez, PhD, UK) (28-30 јуни, 2017, Скопје, Република Северна Македонија), учесник на осмата и деветтата ELTAM - IATEFL-TESOL International Biannual Conference, Managing teaching and learning-making the most of both worlds - Enhancing teachers' and students' life and organisational skills (31 октомври-2 ноември, 2014, Скопје, Република. С. Македонија) и Re-imagining teaching: Rejuvenating and transforming classroom practices (14-16th октомври, 2016, Струга, Република Северна Македонија), учесник и волонтер на конференцијата ESIDRP - "English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice" (11-13 март, 2016, Скопје, Република Северна Македонија), на четвртата студентска лингвистичка конференција - StuLiKon (24-26 април, 2015, Скопје, Република Северна Македонија). Од ноември 19 до 25, 2022, како дел од Еразмус+ програмата, таа

учествувала на конференцијата Innovations in Language Teaching Methodology во Сплит, Хрватска. Се има стекнато и со одредени сертификати за успешно учество на конференции, проекти, летни/зимски школи (деталите можат да се погледнат во нејзината приложена биографија). Таа исто така има познавање и од повеќе светски јазици, поточно го владее англискиот јазик (ниво Ц2), францускиот јазик (ниво Б2) и шпанскиот јазик (Ц1).

Би ги нагласиле и другите квалитети што се неопходни за еден иден наставник, како што се енергичноста, интересот за унапредување на наставата, како и посветеноста на професионалното усовршување. Сепак, покрај професионалните интереси, кандидатката поседува квалитети неопходни за еден млад посветен наставник, а тоа се организациски, комуникациски и интерперсонални вештини, стекнати како волонтер и лидер на групи за време на студирањето, како и вештини за менторство стекнати како дел од проекти за Црвен Крст – Кавадарци за помош на загрозени семејства. Во 2022, беше член на тимот на студенти од Катедрата за англиски јазик и книжевност за проектот на МААА, под раководство на проф. д-р Мира Беќар, Digital Skills for Civic Engagement.

Сите наведени лични и професионални остварувања на кандидатката, нејзиното разновидно работно искуство во наставата, преведувањето, учеството и организацијата на едукативни настани, како и нејзиниот висок академски успех на студиите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да ја избере кандидатката Андријана Тасева (Андријана Ќосе по бракот) за демонстратор по предметот Современ англиски јазик 6 (0+2) во летниот семестар од академската 2022/2023 година.

Рецензентска комисија:

вон. проф. д-р Мира Беќар

М. Беќар
_______________________________

вон.проф. д-р Зорица Трајкова Стрезовска

_______________________________

вон.проф. д-р Наташа Стојановска – Илиевска

Н. Стојановска – Илиевска
_______________________________